РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.НС.001.01

# УСЛОВИ И ПРАВИЛА
# ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА EXIM

Август 2013

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Вид | Извршени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | [illegible] | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 07. 08. 2013 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Царинска управа ("Сл.весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, и 53/11 и 113/12), и Уредбата за воспоставување и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит - EXIM („Сл.весник на РМ" бр. 134/08 и 13/11), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# УСЛОВИ И ПРАВИЛА
# ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА EXIM

## I. Општи одредби

1. Со овие Услови и правила се уредува начинот и постапката на регистрација за користење на Информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапките на увоз, извоз и транзит (во натамошниот текст: EXIM), од страна на економските оператори[1], согласно Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на EXIM[2].

## II. Локален администратор на економскиот оператор

2. Економскиот оператор кој сака да го користи EXIM, мора да назначи свој локален администратор. Локалниот администратор е лице овластено од страна на одговорното лице на економскиот оператор, а може да биде и самото одговорно лице на економскиот оператор. Тој има привилегии во системот да настапува во име на економскиот оператор и единствено е овластен да регистрира други корисници на EXIM да настапуваат во име на економскиот оператор.

3. Локалниот администратор и другите од него регистрирани корисници не мора да бидат лица вработени кај економскиот оператор, но во тој случај мора да имаат полномошно дадено од страна на одговорното лице на економскиот оператор, кој го застапуваат. Економскиот оператор и лицата овластени до него се должни чуваат оригинален примерок од полномошното и на барање на Царинската управа или друг надлежен орган, истото да го достават на увид.

---

[1] „Економски оператор" е правно лице кое во рамките на своето работење е вклучено во активности кои се опфатени со царинските прописи и прописите со кои се уредуваат дозволите и кое го користи едношалтерскиот систем;

[2] Документите и обрасците со кои овие Услови и правила се поврзани се шифрирани согласно Процедурата за депозитар на документација и објавени во Депозитарот на документација

4. Доколку едно лице е истовремено овластено да биде локален администратор или друг овластен корисник од страна на повеќе економски оператори, тогаш за секој од нив настапува со посебно корисничко име.

5. Регистрацијата и управувањето со корисничкиот профил и користењето на дигиталните сертификати во EXIM е целосна одговорност на одговорното лице, односно од него назначениот локален администратор. Локалниот администратор е одговорен и за точноста на внесените податоци при регистрацијата на останатите регистрирани корисници кои настапуваат во име на тој економски оператор, за податоците од сопствениот дигитален сертификат, како и за извршените промени на овие податоци.

## III. Регистрација на економски оператор

6. За да се започне постапка за регистрација во EXIM, економскиот оператор треба да ги исполнува техничките услови објавени на веб локацијата на EXIM[3] и да поседува валиден дигитален сертификат издаден на лице овластено да настапува во EXIM, во име на економскиот оператор. Дигиталниот сертификатот мора да биде издаден од страна на регистриран издавач на дигитални сертификати согласно прописите кои го уредуваат електронскиот потпис. Доколку економскиот оператор регистрира повеќе корисници на EXIM, за секој од нив треба да има посебен дигитален сертификат.

7. Регистрација во EXIM се врши врз основа на уредно пополнети и поднесени:
   - хартиен образец „Барање за регистрација“ (во натамошниот текст: Барање), и
   - електронски формулар (во натамошниот текст: е-барање).

   Обрасците за пополнување на барањата во хартиена форма се објавени на веб локацијата на EXIM и се достапни преку Порталот за електронска комуникација за размена на документи со Царинската управа (http://www.customs.gov.mk/edms/).

8. Доколку локалниот администратор е лице вработено кај економскиот оператор, се превзема и пополнува Барањето на Образец 1.

9. Доколку за локален администратор е овластено лице кое не е вработено кај економскиот оператор (пр. лице вработено во шпедиција, адвокатска канцеларија, или др.), тогаш се превзема и пополнува Барањето и полномошното за застапување кое е негов составен дел, на Образец 2.

[3] www.exim.gov.mk

Полномошното се пополнува од страна на одговорното лице на економскиот оператор, кој е застапуван и му се издава на локалниот администратор.

10. Пополнетите обрасци на Барањата, економскиот оператор ги поднесува во хартиена форма, по пошта или директно во архивата на Царинската управа. Во Барањето се наведуваат податоци за: економскиот оператор, одговорното лице (законски застапник) на економскиот оператор и локалниот администратор. При поднесување на Барањето се плаќа административна такса во износ од 50,00 денари.

11. Паралено со поднесувањето на барањето во хартиена форма, економскиот оператор поднесува и **е-барање**. До е-барањето се пристапува преку веб локацијата на EXIM. Економскиот оператор ги пополнува податоците во него, независно од тоа дали локалниот администратор е лице вработено кај економскиот оператор или не. Во е-барањето се наведуваат податоци за: економскиот оператор, локалниот администратор и податоци за дигиталниот сертификат на локалниот администратор. Повеќе информации за начинот на пополнување и поднесување на е-барањето можат да се најдат во корисничките упатства за економските оператори, објавени на веб локацијата на EXIM.

12. По приемот и проверката на е-барањето и уредно пополнето Барање (и полномошното за застапување во случај кога локалниот администратор е лице кое не е вработено кај економскиот оператор), Царинската управа го активира корисничкиот профил на економскиот оператор за овластениот локален администратор, со што го регистрира за користење на EXIM.

13. Во случај кога економскиот оператор ќе поднесе непотполно или погрешно пополнето барање или кога постои неусогласеност меѓу податоците внесени во Барањето, е-барањето и базите на податоци со кои располага Царинската управа, тогаш, во рок од 8 дена, Царинската управа го известува економскиот оператор да изврши усогласување на податоците. Царинската управа по приемот на комплетното барање, го активира корисничкиот профил на економскиот оператор. Во спротивно, по изминување на дадениот рок, корисничкиот профил на економскиот оператор го враќа на повторна регистрација во EXIM.

14. Во случај на **промена на податоците наведени во Барањето**, односно е настаната промена на веќе регистрираното одговорно лице или локален администратор, а со цел прекинување на натамошното користење на EXIM од страна на неовластени лица или лица со невалидни дигитални сертификати, во рок од 3 дена од извршената промена, економскиот оператор до Царинската

управа поднесува ново Барање за регистрација во EXIM и полномошно за застапување (во случај кога локалниот администратор е лице кое не е вработено кај економскиот оператор). Во новото барање економскиот оператор ги доставува новите податоци. По приемот на уредно поднесено Барање за промена на податоци, согласно точките 7 до 13 од овие Услови и правила, Царинската управа привремено го деактивира тековниот кориснички профил на економскиот оператор и по приемот и проверката на податоците од Барањето и е-барањето, го активира новиот кориснички профил на економскиот оператор.

15. Во случај на промена на податоците за дигиталниот сертификат (поради промена или продолжување на постоечкиот дигитален сертификат), и/или промена на регистрираната електронска пошта на овластениот локален администратор и другите корисници регистрирани од него, не се доставува нов образец на Барање. Промената на овие податоци ги врши локалниот администратор.

16. Економскиот оператор треба да ги преземе сите потребни мерки за обезбедување тајност и безбедност на податоците и соодветна употреба на корисничките профили и дигитални сертификати во EXIM и да не дозволи нивно користење од страна на неовластени лица.

17. Доколку регистриран економски оператор не сака повеќе да го користи EXIM, тогаш одговорното лице на економскиот оператор доставува писмено известување до Царинската управа, која врши негово деактивирање и го известува на начин утврден во точка 19 од овие Услови и правила.

18. Економскиот оператор потребните програми и компоненти за пристап кон EXIM ги инсталира и одржува на своја опрема во согласност со насоките и упатствата објавени на веб локацијата на EXIM.

19. Известувањата дека барањето за регистрација е активирано, односно деактивирано, како и известувањето за потребни корекции во барањето за регистрација, Царинската управа ги доставува по електронски пат на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор и локалниот администратор.

20. Царинската управа може времено да го одложи активирањето или деактивирањето на корисничкиот профил поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на EXIM.

21. Царинската управа не може да се смета за одговорна за каква било директна или индиректна штета која настанала кај економските оператори, а е резултат на:
    - прекин, запирање или нефункционирање на EXIM, особено во случај на запирање на одржувањето или поправката на EXIM или нефункционирање на EXIM, серверите или мрежната и комуникациска опрема од технички причини,
    - некомпатибилност и несоодветност на опремата на економскиот оператор,
    - кражба, загуба, уништување или измена на податоците, софтверските програми или компјутерската опрема предизвикани со недозволен пристап во EXIM или како резултат на вирус кој потекнува од веб страната или некој од компјутерските системи или сервери на EXIM или на економскиот оператор,
    - грешки при пренос, доцнења или прекини за време на преносот на податоци и
    - нефункционирање на EXIM како резултат на виша сила или настани надвор од контролата на Царинската управа вклучително, но не и ограничено на ситуации кога EXIM е преоптоварен, паѓа, не е достапен, кои се предизвикани од трета страна – даватал на интернет услуги, прекин на таквите услуги поради штрајк, вклучително и штрајк од страна на нејзиниот персонал и општо, какво било нефункционирање, грешка или доцнења кои можат да им се препишат на трети страни или пак друг настан како резултат на виша сила.

22. Царинската управа има право EXIM времено да го стави надвор од функција (недостапен), поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на EXIM.

23. Царинската управа има право да изврши деактивирање на економски оператор од EXIM, доколку констатира непочитување на овие правила од страна на економскиот оператор.

24. Царинската управа ќе постапува совесно и одговорно и ќе ги чува и заштитува согласно закон, податоците што за потребите на EXIM ги поднесува економскиот оператор.

## IV. Завршни одредби

25. Овие Услови и правила се објавуваат на веб локацијата на EXIM.

26. Царинската управа има право да врши измени и дополнувања на овие Услови и правила и истите јавно ги објавува на веб локацијата на EXIM.

27. Овие Услови и правила се применуваат со денот на нивното донесување и обајвување на веб локацијата на EXIM.

28. Со стапување на сила на овие Услови и правила, претануваат да важат Условите и правилата за регистрација и за користење на EXIM, бр. 08-028105/11-0001, од 23.05.2011 и Измените и дополнувањата на условите и правилата за регистрација и за користење на EXIM, бр. 08-028105/11-0002, од 05.09.2011 година.

Директор,
Ванчо Каргов

Бр. 01- 043005/13-0001
Скопје, 07. 08. 2013 година

Записи: 01.30.00.НС.001.01-ОБ.01.01 Барање за регистрација на економски оператор во едношалтерскиот систем за постапки при увоз, извоз и транзит – EXIM (Кога локалниот администратор е лице вработено кај економскиот оператор - Образец бр.1),

01.30.00.НС.001.01-ОБ.02.01 Брање за регистрација на економски оператор во едношалтерскиот систем за постапки при увоз, извоз и транзит – EXIM (Кога локалниот администратор е лице кое не е вработено кај економскиот оператор - Образец бр.2)

Изработиле: Илија Јаноски
Славица Кутиров
Одобрил: Јане Саздов
Согласен: Дејан Рајчановски

| | |
|---|---|
| Условите и правилата ги подготви: | Сектор за информатички и комуникациски технологии |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Екстерна и интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за информатички и комуникациски технологии<br>Архива |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

**ОБРАЗЕЦ 1**

# БАРАЊЕ
# ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВО ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПОСТАПКИ ПРИ УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ – EXIM

*-Кога локалниот администратор **е лице вработено** кај економскиот оператор-*

Врз основа на член 14 од Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит - EXIM („Сл.весник на Р.М".бр.134/08 и 13/11) го поднесуваме ова Барање за регистрација на економски оператор во EXIM.

| **1. Податоци за економскиот оператор** | |
|---|---|
| Назив на економскиот оператор | |
| ЕДБ | |
| Адреса на седиште | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

| **2. Податоци за одговорното лице (законски застапник) на економскиот оператор** | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Функција | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

Се назначува следното лице **вработено кај економскиот оператор** да настапува како локален администратор, односно кориснички профил кој е единствено овластен да регистрира други корисници на EXIM системот да настапуваат во име на горенаведениот економски оператор:

| **3. Податоци за локален администратор – лице кое е вработено кај економскиот оператор** | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Функција | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

**ОБРАЗЕЦ 2**

# БАРАЊЕ
# ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВО ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПОСТАПКИ ПРИ УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ – EXIM

*-Кога локалниот администратор* ***е лице кое не е вработено*** *кај економскиот оператор-*

Врз основа на член 14 од Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит - EXIM („Сл.весник на Р.М".бр.134/08 и 13/11) го поднесуваме ова Барање за регистрација на економски оператор во EXIM.

| **1. Податоци за економскиот оператор** | |
|---|---|
| Назив на економскиот оператор | |
| ЕДБ | |
| Адреса на седиште | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

| **2. Податоци за одговорното лице (законски застапник) на економскиот оператор** | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Функција | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

Со пополнување и потпишување на ова барање како одговорно лице на економскиот оператор под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- податоците наведени во него се вистинити и точни,
- во целост сум запознаен, ги прифаќам и ќе постапувам според Условите за регистрација и правилата за користење на EXIM,
- сум одговорен за постапувањето и користењето на EXIM од страна на локалниот администратор и другите корисници кои настапуваат во име на економскиот оператор чие одговорно лице сум јас;,
- сум согласен лицето за кое имам издадено полномошно Бр. ____________ од ____________ година (во прилог кон ова Барање), да ме застапува како локален администратор со својот кориснички профил, односно во мое име и за моја сметка

да поднесува документи во EXIM системот и да регистрира други лица, кои сум ги овластил да настапуваат во мое име и за моја сметка да поднесуваат документи во EXIM системот;

- сум согласен активирањето на корисничкиот профил да се изврши по доставувањето на ова барање до Царинската управа на Република Македонија; и
- во рок од три дена ќе ја известам Царинската управа за промена на одговорното лице или локалниот администратор и до Царинската управа ќе поднесам ново Барање за регистрација и полномошно за застапување во EXIM, а со цел прекинување на натамошното користење на EXIM од страна на неовластени лица или лица со невалидни дигитални сертификати.

| | |
|---|---|
| Датум: | |
| Бр. | *Потпис на одговорното лице и печат на економскиот оператор* |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ПОЛНОМОШНО

Јас, долупотпишаното одговорно лице ............................................ (*се наведува името на одговорното лице*), на економскиот оператор ............................................ (*се наведува името на економскиот оператор*) под полна материјална и кривична одговорност го овластувам локалниот администратор

| **1. Податоци за локалниот администратор** | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

| **2. Податоци за економскиот оператор (каде е вработен локалниот администратор)** | |
|---|---|
| Назив на економскиот оператор | |
| ЕДБ | |
| Адреса на седиште | |
| Телефон/факс | |
| Адреса на е-пошта | |

да ме застапува со својот кориснички профил, односно во мое име и за моја сметка да поднесува документи во EXIM системот и да регистрира други лица, кои сум ги овластил да настапуваат во мое име и за моја сметка да поднесуваат документи во EXIM системот.

| | |
|---|---|
| Датум: | |
| Бр. | *Потпис на одговорното лице и печат на економскиот оператор* |

Со пополнување и потпишување на ова барање како одговорно лице на економскиот оператор под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- податоците наведени во него се вистинити и точни,
- во целост сум запознаен, ги прифаќам и ќе постапувам според Условите и правилата за регистрација и за користење на EXIM,
- сум одговорен за постапувањето и користењето на EXIM од страна на локалниот администратор и другите корисници кои настапуваат во име на економскиот оператор чие одговорно лице сум јас,
- сум согласен активирањето на корисничкиот профил да се изврши по доставувањето на ова барање до Царинската управа на Република Македонија и
- во рок од три дена ќе ја известам Царинската управа за промена на одговорното лице или локалниот администратор и до Царинската управа ќе поднесам ново Барање за регистрација во EXIM, а со цел прекинување на натамошното користење на EXIM од страна на неовластени лица или лица со невалидни дигитални сертификати.

| | |
|---|---|
| Датум: | |
| Бр. | *Потпис на одговорното лице и печат на економскиот оператор* |